**Република Северна Македонија**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Согласно член 52 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија бр. бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), член 66 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 од 06.07.2017, и известувањето добиено од страна на Државниот завод за статистика бр. 17-1535/46 од 24.09.2021 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на 24.09.2021 година донесе

# О Д Л У К А
## за заклучување на Избирачкиот список

1. По спроведените промени на податоците за граѓаните во Избирачкиот список кои произлегоа од јавниот увид, како и ажурирањето на податоците во Избирачкиот список согласно член 43 став 7 од Изборниот законик и член 4 од Законот за изменување и дополнување на законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија (Сл.Весник бр.122/2021), спроведените промени кои произлегоа по одлучувањето по барањата на политичките партии, согласно член 49-а од Изборниот законик, согласно дописот од Државниот завод за статистика бр. 17- 1535/46 од 24.09.2021 година, Државната изборна комисија го заклучува Избирачкиот список за Избор на членови на советите на општините и членови на советот на град Скопје и избор на градоначалниците на општините и градоначалник на град Скопје, кои ќе се одржат на 17-ти Октомври 2021 год, со следнава состојба:

Вкупен број на гласачи запишани во Избирачлиот список - **1.824.864 гласачи.**

Од нив:

- Во изводите од Избирачкиот список се запишани 1.740.147 гласачи,
- Во посебните изводи од Избирачкиот список за лицата кои согласно евиденцијата на надлежен орган се на привремена работа или престој во странство, се запишани 82.461 гласач,
- Во посебните изводи од Избирачкиот список за лица кои за време на изборите се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор се запишани 1.899 гласачи,
- Во посебните изводи од Избирачкиот список за гласање на граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат во установи за вонсемејно сместување се запишани 351 гласач и

- Во посебниот извод од Избирачкиот список за лица кои согласно евиденцијата на Министерството за труд и социјална политика се водат како внатрешно раселени лица се запишани 6 гласачи.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на веб страната на Државната изборна комисија.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

Александар Даштевски

Бр .11-2282/1
24.09.2021 година

*Изготвил: Нермина Ѓурѓевиќ*
*Одобрил : Благоја Стојковски*